Август 2005






# Одговорно чување на пчели

NSW DEPARTMENT OF PRIMARY INDUSTRIES

## Вовед

Одговорното чување на пчели вклучува повеќе постапки што ви овозможуваат да ги сочувате медните пчели здрави и приносни, додека истовремено ги минимизираат потенцијалните штети или непријатности што тие можат да ги нанесат на другите луѓе. Тоа исто така подразбира исполнување на законските услови, во случајов со NSW Apairies Act 1985.

Додека комерцијалното одгледување на пчели повеќето се одвива надвор во земјоделските региони, многу пчеларници се чуваат и во градовите во дворовите на власниците. Чувањето на пчеларниците во дворовите ја зголемуваат можноста пчелите да каснат некого. Иако бодежот од пчелите не ги загрижува власниците тие можат да нанесат многу бол и непријатност кај другите луѓе. Во случаи кога лицето е алергично на убоди од пчели, убодот може да има многу сериозни последици.

## Законски услови

Чувањето на пчели во Нов Јужен Велс (NSW) подразбира подложување на условите од NSW Apiaries Act 1985. Неусогласувањето со законските услови може да доведе до судско гонење или казнување на лице место. Клучните законски барања се:

- Одгледувачите на пчели мора да бидат регистрирани во Нов Јужен Велс. Молбените формулари ги има во локалните канцеларии на NSW DPI, или можете да ја посетите веб страницата на NSW DPI на *http//:www.agric.nsw.gov.au/reader/honeybees*
- Пчеларниците мора да бидат одбележани. Пчеларите мора да ги одбелжат сите кутии со улишта со нивните регистерски броеви во рок од 60 дена од добивањето на бројот.
- Медот, саќето и улиштата не смеат да бидат изложени на начин што им овозможува на пчели крадливци пристап до медот.
- На пчеларите може да им биде наредено да ги тргант некои или сите улишта ако пчеларникот е сместен на место каде што пчелите можат да го загрозат јавното здравје и сигурност или ако представуваат општа непријатност.
- Чувањето на пчели за кои што знаете или се сомневате дека се инфицирани со болеста Амеиричка чума (AFB). Ако разберат дека нивните пчели се се заразени со AFB, пчеларите во рок од 24 часа мораат да се јават во NSW DPI.

## Иритирачки Пчели

Кошници со пчели што се чуваат во близина на други луѓе, домови и јавни згради и спортски објекти можат да постанат непријатни. Според NSW Apaiaries Act, лице може да вложи поплака до Director–General на NSW Department of Primary Industries (NSW DPI) ако мисли дека пчелите предизвикуваат непријатности. Ако се добие поплака , работата ќе биде испитана од пчеларски инспекор.

Инспекторот може да побара од вас да ги преместите некои од кошниците на друго место. Director General на НСЊ ДПИ е овластен да може да ви нареди некои или сите кошници да ги преместите на друго место, ако тие претставуваат закана за јавното здравје и сигурност. Вие имате право да вложите жалба на таа одлука или постапка, меѓутоа најдобро е да се постапи така што да се избегнат ситуации пчелите да предизвикаат непријатности.

Практичниот кодекс за чување (code of practice ) на пчели во NSW ги идентификува некои од стратегиите за помош за зачувауваање на здравјето на вашите пчели на начин кој е подобен за вашата локација и на начин што е прфатлив за пошироката заедница вклучувајќи го и следново:

- Пред да ги постават пчеларниците на одредено земјиште пчеларите мораат да добијат дозвола од власниците на приватните земјишта или од властите на земјиштето контролирано од владата.
- Разговарајте со вашите соседи за чувањето на пчели. Ова е најдобро да се направи пред да почнете да одгледувате пчели на вашиот имот. Бидете спремни да дискутирате со нив за било какви проблеми што можат да ги имаат тие.
- Кога преминуваат преку меѓите на имотите летот на пчелите мора да биде преку 2 метри. Ова може да се постигне со поставување на бариери како што се жбунови, ѕидови, живи или други огради.
- Мислете на другите луѓе кога работите со вашите кошници. Планирајте така да вашата работа околу кошниците предизвика минимално вознемирување на пчелите. Убодите на пчелите се поверојатни кога тие се разлутени.
- Чувајте само послушен тип на пчели.
- Поставете ги кошниците во положби што се топли и сончеви за да го подобриде здравјето на пчелите.
- Обезбедете вода за пчелите.

- Користете цедалки за вадење на медот наместо со тресење, четкање или дување.
- Контролирајте го роењето. Опциите вклучуваат преуредување на кошинците контрола и поделба во помали улишта (привремено)
- Чувајте го пчеларникот чист и уреден.
- Внимавајте гога ги разместувате кошниците. Ако пчелите се активни употребувајте кадилник.
- Пчеларниците не траба да се поставуваат во предворјето на куќите. Доколку е возможно пчеларниците треба да бидат невидливи за јавноста.
- Пчеларниците треба да не се поставуваат блиску до школи, детски установи, болници, спортски центри или други јавни објекти.

## Број на кошници

Индивидуалните околности одредуваат колку кошници можете да поставите на вашиот имот. Во земјоделските региони можете да чувате толку кошници колку што можете да контролирате. За повеќето одгледувачи во куќни дворови, две добро чувани кошници можат да обезбедат доволно мед за едно просечно семејство. Повеќе од две кошници во населбите ќе ја зголемат можноста пчелите да предизвикуваат непријатности на вашите соседи.

Кодексот за чување на пчели на NSW ви ги нуди овие информации во врска со бројот на кошници. Ова е само водич а индивидуалните околности би можеле да дозвололат чување на повеќе или помалку кошници. Во некои околност чувањето на пчели на некои локации може да биде непогодно како што ќе одредат соодветните регулативни власти. Контактирајте ја вашата општина за да дознаете дали тие имаат некои специфични услови за чување на медени пчеларници.

*Дефиниција:* Улиште е колонија на пчели предводени од матицата.

| | |
|---|---|
| Мал куќен плац | 2 Кошници |
| Среден плац (до 1000м$^2$) | 4 Кошници |
| До 2000м$^2$ | 8 Кошници |
| Земјоделска зона | неограничено |

## Болести

Америчката чума или AFB е бактериска болест која што ги зафаќа пчелините ларви. AFB може да се контролира само со уништување на колонијата со горење или со длабоко запретување или со гама зрачење на опремата. Ако се остави неконтролирано AFB на крај ќе ги убие сите пчели во вашиот пчеларник и ќе се прошири на други пчеларници на летачко растојание од вашите кошници. AFB е болест што мора да се рапортира според NSW Apairies Act. Ова значи дека вие треба да се јавите во NSW DPI во рок од 24 часа од моментот на откривање или сомневање дека постои инфекција со AFB во вашиот пчеларник. Ако не превземете мерки за контрола на AFB можно е дека според NSW Apairies Act, го прекршувате законот.

Регистрираните одгледувачи на пчели ,под извесни околности може да добјат и компензација на име губитоци предизвикани од AFB инфекција.

Во Австралија не постои опустшувачкиот паразитен молец како што е Varroa и Tracheal молец. Забрането е внесувањето на живи пчели во Австралија без дозвола. За тие што сакаат да донесат матици на располагање постојат карантински установи.

## Повеќе информации

За повеќе информации во врска со контрола на болести и законските услови за одгледување на пчели во NSW контактирајте ја вашата локална канцеларијана на NSW DPI. Службеник на NSW DPI Apiary или регултивен службеник може да ви помогне во врска со вашите прашања.

## Канцеларии на NSW DPI:

| | |
|---|---|
| Sydney | Телефон: 02 9764 3311 |
| Richmond | Телефон: 02 4588 2100 |
| Bathurst | Телефон: 02 6330 1200 |
| Gunnedah | Телефон: 02 6741 8333 |
| Tamworth | Телефон: 02 6763 1206 |
| Alstonville | Телефон: 02 6626 2400 |
| Goulburn | Телефон: 02 4828 6600 |

Или ако имате пристап до Интернет, веб страницата на NSW DPI содржи многу информации за одгледувачи на пчели. Овие информации се на:

*http//:www.agric.nsw.gov.au/reader/honeybees*

Членувањето во асоцијација на одгледувачи на пчели е одличен начин за доаѓање до информации како и среќавање со други одгледувачи. Препорачливи контакти:

- The NSW Apiarists Association
  Телефон 02 9631 3934, факс 029631 0585
  *Email nswaa@bigpond.net.au*

За аматерите одгледувачи на пчели околу Sydney:

- Amateur Beekeeper's Association(Inc )
  Телефон 02 96315647
  Email ronangeo@optusnet.com
- North Shore Beekeeper's Association (Inc.)
  Телефон 02 94497115
- Australian Beekeepers Association
  Телефон 1900 925 222

© State of NSW
NSW Department of Primary Industries (2005)
Оваа публикација подлежи на права за копирање. Освен како што е дозволено според *Copyright Act* 1968 (Commonwealth), ни еден дел од публикацијава не смее да се репродуцира со било каков процесс , електронски или на друг начин, без писмено одобрение од власникот на поравата за копирање. Ниту пак информацијата може да се зачува електронски на било кој начин без таква дозвола.

Одрекување
Информациите содржани во оваа публикација се базирани на знаењата и разбирањето во времето кога е пишувана ( Август 2005 ) Меѓутоа со обзир на напредоците во знаењето, корисниците се подсетуваат за потребата да се осигураат дека информациите на кои што тие се потпираат бидат тековни и да ја проверат тековноста на информациите кај соодветниот службеник на *New South Wales Department of Primary Industries* или независен советник на корисникот.